Ново Срце

Неделен Христијански Интернет Билтен Година IV. бр. 137. Дата: 25. 06. 2012.

# Изворот на нашите соништа



Во минатиот број нагласивме дека секој сонува и дека соништата можат да бидат со различен интезитет и времетраење. Но, постојат различни одговори на прашањето „зошто сонуваме“.

Веројатно, одговорот на ова прашање е тесно поврзан со тоа кој е „изворот/ причинителот“ на сонот што сме го доживеале. Во основа, постојат три извори на нашите соништа: Сонот може да биде поттикнат од **Бог**, од **ѓаволот**, или од **самите нас** (нашиот ум).

1. **Сонот може да биде од Бог**

Уште на почеток, мора да дадеме едно предупредување: иако Бог може да ни зборува преку сон, ова воопшто не значи дека секој сон е од Бог и не треба да се обидуваме во секој сон да бараме некакво значење или скриена порака.

Всушност, според Библиските записи ( и искуствата на Божјите луѓе) Бог многу ретко зборува преку сон. Во Стариот Завет се зборува за едно момче по име Јосиф; иако неговите браќа го нарекуваа сонувачот, сепак за целиот негов живот Библијата забележува само два сона од Бог.

Но дури и ако имаш сон од Бог, тоа не е знак дека си многу духовен или побожен. Во Библијата има примери каде што Бог им зборувал преку сон и на безбожни цареви, на фараони, на слуги... многумина од нив не го познаваа вистинскиот и жив Бог.

2. **Сонот може да биде од Сатаната (ѓаволот)**

Бог, преку пророкот Еремија, изјавува: *„Јас сум против пророците на лажни соништа, вели Господ кои ги кажуваат и преку своите измами и итрини го заблудуваат, Мојот народ, кога Јас не сум ги пратил, ниту сум им заповедал“* (Еремија 23:32).

Овој текст ни покажува дека соништата можат да бидат ѓаволска заблуда, порака со намера луѓето да бидат заведени да вршат нешта кои се грев и се спротивни на Божјата волја.

Кај нашиот народ често се случува некој да каже дека на сон му се јавил некој „починат роднина“ или некој „светец“, со порака да даде **курбан**, да носи **храна на мртвите**, да оди кај одреден **бајач**, да му раздаде **прстен на мртовецот**, за да се ожени на небото..и.т.н. Повеќе од јасно е дека соништата со вакви пораки не се од Бог. Библијата ни кажува дека Бог забранува христијаните да даваат курбан, или да раздаваат за мртви, да одат на бајачи...а што се однесува до прстенот, Библијата учи дека на небото нема да се жениме и ќе нема бракови.

3. **Сонот може да биде и производ на нашиот ум**

Често пати, она што го доживуваме преку денот, она што го окупира нашиот ум (нашите фрустраци или желби, доживувања...) исплива на површина додека спиеме, во вид на сон.

Едно момче кое запознало прекрасна девојка, сосема е веројатно дека ќе ја сонува навечер; Еден војник, кој учествувал во сурови акции, веројатно ќе ги сонува како кошмари; Еден спортист кој тренира по цел ден, веројатно ќе сонува како го освојува златниот медал.

Ова е сосема нормално. Наголем процент од соништата, всушност се производ на нашите доживувања, желби, планови, стравови... тука нема ништо натприродно, или пророчка порака.



Откако утврдивме кои се трите можни извори за секој сон, треба да бидеме внимателни да не избрзуваме со нивното толкување или применување во нашите животи. Токму затоа, во следниот број ќе зборуваме за тоа, како да ги распознаваме соновите и што да правиме со нив.

Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com